Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број. 04 - 5 / 54 (21)
Дата: 09 / 06 / 2021, Скопје

Врз основа на член 77 став 10 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РМ " бр. 120/18, и "Службен весник на РСМ " бр. 275/19 и 317/20 ), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавачи бр. 04-5/34 (21) објавен на 23.04.2021 година, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 (еден) извршител - за работно место помлад разузнавач за анализа**

1. За извршител на работно место помлад разузнавач за анализа во Одделението спречување на финансирање на тероризам, во Секторот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, шифра УФР 02 10 Б04 001 се избира кандидатот Хавзи Азизи.
1. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-5/36-1 (21) од 10.05.2021 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач бр.04-5/34 (21) објавен во дневните весници "Слободен печат" "Нова Македонија" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.
Врз основа на записникот бр. 04-5/53 (21) од спроведеното интервју, како последна фаза од постапката за вработување, изготвен од страна на

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, Комисијата му предложи на директорот да спроведе интервју со кандидатот Хавзи Азизи како единствен пријавен кандидат на јавниот оглас, на негов конечен избор.
Кандидатот Хавзи Азизи освои вкупно 75 бода, од кои 60 бода освоени на писмениот испит и 15 бода освоени на интервјуто е прворангиран и единствен кандидат за работното место помлад разузнавач за анализа.

Врз основа на изготвениот записник и предлогот на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, директорот на Управата за финансиско разузнавање го повика лицето Хавзи Азизи на интервју.
По спроведеното интервју од страна на директорот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.
По завршувањето на постапката за избор Директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот приемот на писменото известување за избраниот кандидат.

Директор
Блажо Трендафилов


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ти кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk